Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали
БИМ акционерско друштво
Бр. 02-170/8
26.05.2026 год.
Св. Николе

БИМ
СВЕТИ НИКОЛЕ

Врз основа на чл.487 и чл.490 од Законот за трговски друштва, чл.10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва (Сл. Весник бр.42/10) и чл.81 од Статутот на БИМ АД Свети Николе, на Собранието на акционери одржано на ден 26.05.2026 година од вкупно 9662 акции кои се важечки гласови на Собранието се претставени 5807 важечки гласови кои претставуваат 57,18 % од основната главнина од 10.155 обични акции и со едногласно „за„ се донесе следната

# О Д Л У К А
## утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2025 год.
## (дивиденден календар )

Чл.1

Согласно одлуката за распоредување на нето добивка остварена по годишната сметка за 2025 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2025 година во висина од 2.000,00 денари нето, односно 2.222,222 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Чл.2

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 10.06.2026 година.

Чл.3

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 11.06.2026 година.

Чл.4

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 12.06.2026 година.

Чл.5

Исплатата на дивиденда за 2025 година ќе започне од 15.06.2026 година.

За исплата на дивидендата акционерите ќе бидат известени преку официјалната веб страна на Друштвото www.bim.com.mk.

Чл.6

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери
на БИМ АД Свети Николе
Јованка Панева